ОБРАЗЕЦ

**До Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Фонд за научно - истражувачка работа**

**Барање за финансирање на научно - истражувачки проект**
***Application form for financing of research projects***

| | |
|---|---|
| **Дата на поднесување** | |
| **Проект Бр:** | ***(Се пополнува од Архивата на Универзитетот)*** |

| | |
|---|---|
| **Date of submission** | |
| **Project No:** | ***(Filled by the University authority)*** |

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | **Јакнење на деловните капацитети на жените претприемачи во Република Македонија, како земја во развој** |
| **Клучни зборови** | **претприемништво, МСП, менаџмент, маркетинг, финансии, земја во развој** |
| **FRASCATI класификација** | **5. Научно подрачје - Општествени науки**<br>(FOS in Frascati Manual (FM) 2002, Revised FOS)<br>**503. Економски науки:**<br>50323 Економика на претпријатијата<br>50325 Маркетинг<br>50326 Финансии<br>**506. Организациони науки и управување (менаџмент):**<br>50602 Менаџмент системи<br>50603 Бизнис менаџмент<br>50605 Стратешки менаџмент<br>50607 Финансиски менаџмент<br>50608 Маркетинг менаџмент<br>50613 Деловно комуницирање<br>50623 Претпримеништво |

| | |
|---|---|
| **Proposal Title** | **Strengthening (of) the capacity of women entrepreneurs in Republic of Macedonia, as a developing country** |
| **Keywords** | **entrepreneurship, SME’s, management, marketing, finance, developing country** |
| **FRASCATI** | **5. Scientific area - Social Sciences** |

| | |
|---|---|
| **classification** | (FOS in Frascati Manual (FM) 2002, Revised FOS)<br>**503. Economics:**<br>50323 Economics of enterprises<br>50325 Marketing<br>50326 Finance<br>**506. Organizational Sciences and Management**<br>50602 Management Systems<br>50603 Business Management<br>50605 Strategic Management<br>50607 Financial Management<br>50608 Marketing Management<br>50613 Business Communication<br>50623 Entrepreneurship |

**ПРВ ДЕЛ/PART 1:**

**Апстракт (максимум 250 зборови)**

**Жените претприемачи го гледаат светот на различен начин. Ова се рефлектира на видовите на бизнис активности што тие ги почнуваат и начинот на кој ги водат. Нашата земја, како земја во развој има потреба од претприемачи кои гледаат и осознаваат нови можности и се подготвени да ги преземат потребните ризици во искористувањето на овие можности. Женското претприемништво се назначува како нова движечка сила, како важен "неискористен извор" за раст и развој на економиите. Во овој проект ние се фокусираме на деловните капацитети, анализа на менаџерските и лидерски способности, стратегиското планирање, како и маркетинг и финансиските способности. Имплементацијата на сите овие фактори во работењето на претпријатијата се поставуваат како еден од клучните фактори за развој на конкурентност, но и на економијата во нашата држава во целина. Како основен метод ќе се користи методот на истражување, со комбинација на квантитативно и квалитативно истражување. Како техника на истражување ќе се примени комбинација од: лично, полу- структурирано интервју, по кое ќе следи испитување преку структуриран анкетен прашалник, follow- up, т.е. следбено интервју и анализа на фокус група, за длабински увид во проблематиката на истражување. Како основа на статистичката анализа ќе биде параметарска статистика, преку поставените номинални, ординални и интервални мерни скали за оценка на анализираните појави, односно анализирање на нумерички податоци. Според видот, истражувањето ќе биде апликативно (оригинално примарно истражување кое ќе резултира во сознанија наменети за нивна практична примена во бизнис секторот, со цел за подобрување на деловните капацитети на жените претприемачи) и експериментално (систематски приод кон креирање на нови и подобрени бизнис процеси, модели и системи за мали и средни претпријатија, врз основа на добиеното знаење) истражување.**

**Abstract (max 250 words)**

**Women entrepreneurs perceive the world differently. This is reflected in the types of business activities that they begin and how they lead them. Economic development in a country is the result of motivation and commitment of human activity, and our country as a developing country needs entrepreneurs who see and perceive new opportunities and are willing to take the necessary risks in exploiting these opportunities. Women entrepreneurship is appointed as a new driving force, as an important "unexploited source" for growth and development of economies. In this project we are focusing on business facilities, analysis of managerial and leadership skills of women entrepreneurs, strategic planning, as well as marketing and financial abilities. The implementation of all these factors in the operation of enterprises where there are women entrepreneurs is one of the key factors for the development of competition in this kind of entrepreneurial business. Within the planned project as the main method will be used the method of research, in combination of quantitative and qualitative research. As research techniques will be applied the combination of: private, semi-structured interview, which will be followed by examination through structured questionnaire, follow- up, i.e. following interview and focus group analysis, for deeper insight into the research problem. As the basis of statistical analysis will be parameter statistics, by the determined nominal, ordinal and interval measurement scales for phenomena analysis, i.e. analyzing numerical data. According to the type, the research will be applicative (original primary research that will result in information intended for their practical application in the business sector in order to improve the business capacity of women entrepreneurs) and experimental (systematic approach to creating new and improved business processes models and systems for small and medium enterprises, based on emerging knowledge) research.**

**Детален опис на проектот:**

Во економиите во развој, кои се зад модерно индустриски развиените земји, претприемништвото е важна компонента во стимулирање на економскиот раст, иновациите, конкурентноста, па дури и намалување на сиромаштијата. Иновацијата е движечка сила во развојот; без иновативни претприемачи ние не би имале повеќе од алатките и услугите кои обезбедуваат просперитет и развој. Претприемништвото во развиените земји се однесува на откривањето и експлоатацијата на можности. Тој игра потенцијално важна улога во развојот, вклучувајќи ја овде иновацијата и цената на откритијата, пополнување на јазот, акумулација на човечки и физички капитал, прераспределба на средства од помалку продуктивни на повеќе продуктивни ресурси, и поддршка на процесот на структурни промени. Економскиот развој на земјата е резултат на фокусираност и посветеност на човековата активност. Земја во развој има потреба од претприемачи кои гледаат и осознаваат нови можности и се подготвени да ги преземат потребните ризици во искористувањето на овие можности.

Женското претприемништво се назначува како нова движечка сила за раст и развој на економиите во земјите во развој што ќе донесе просперитет и благосостојба во овие земји. Голем број на заинтересирани страни укажува на женското претприемништво како важен "неискористен извор" на економскиот раст и развој. Светскиот економски форум го идентификуваше женското претприемништво како "чекор напред" за економскиот раст и развој на нивната годишна средба во 2012 (СЕФ, 2012). Други релевантни фактори зборуваат за жените претприемачи како "ново движење на жените”. Тие наведуваат: "заборавете на економската помош во земјите во развој, фокусирајте се на инвестиции во жените претприемачи како клучни двигатели на растот и развојот во овие земји" (Форбс, 2011).

Растот на бројот на жените претприемачи во земјите во развој го привлече вниманието на академските кругови и развојниот сектор. Донатори, меѓународни јавни институции, националните и локалните власти, невладини организации, приватни компании, добротворни организации и бизнис асоцијации иницираат програми на глобално ниво за промовирање и развој на женското претприемништво. Тие иницираат програми за градење на капацитетите на претприемачки вештини, зајакнување на мрежите на здружување кај женското претприемништво, обуки за начин на обезбедување финансии, или иницираат имплементација на политики кои овозможуваат раст на бизнисите на жените претприемачи. Сите тие тврдат дека женското претприемништво е од суштинско значење за растот на земјите во развој. Поддршка на жените претприемачи е од суштинско значење за да се стимулира растот во една земја бидејќи претприемачки потенцијал на жените се уште не е целосно искористен.

Во последниве години, големо внимание се посветува на промоција и развој на женското претприемништво. Во Канада, САД и Велика Британија, владите и приватниот сектор активно ја промовираат поголемата улога за жените претприемачи во бизнис секторот.

Подеднакво во земјите во развој се поголемо внимание се посветува на жените претприемачи. Токму затоа, во овој проект ние се фокусираме на деловните капацитети, анализа на менаџерските и лидерски способности на жените претприемачи, стратегиското планирање, како и маркетинг и финансиските способности кои ги поседуваат овие претприемачи. Имплементацијата на сите овие фактори во работењето на претпријатијата каде имаме жени претприемачи се поставуваат како еден од клучните фактори за развој на конкурентност на овој вид на претприемачки бизнис, но и на економијата во нашата држава во целина.

Проектот е разработен врз основа на пет групи клучни цели и тоа: менаџерски и лидерски способности каде се разгледува можноста за примената на постојните модели и принципи на лидерство во малите и средни претпријатија водени од жени претприемачи, како и утврдување на специфичните проблеми; стратегиско планирање и мерење на влијанието на неговите компоненти; финансиските цели и анализа на начините на финансирање; маркетинг активностите каде спаѓа степенот на пазарно ориентација, брендирањето, маркетинг стратегија и маркетинг планирање; и генералните цели, кои ќе се оценуваат преку примена на статистичка, компаративна и анализа на фокус групи.

**Предложени истражувања**

**а) Цели**

Целите на овој двегодишен проект се поделени во четири (пет) групи, согласно потребата за анализа на деловните капацитети за кои е предвидено да ги опфатат начинот на менаџирање и лидерските способности, степенот на стратегиско планирање во работењето, финасиите и маркетингот во претприемничките претпријатија, раководени од страна на жените претприемачи.

**Менаџерски и лидерски способности – цели:**

1. Испитување на можноста за примената на постојните модели и принципи на лидерство во МСП.
2. Утврдување на специфичните проблеми – предизвици во МСП.
3. Класификација на потребните атрибути, начини на однесување и улогите на лидерите – претприемачи.

**Стратегиско планирање (СП) – цели:**

4. Мерење на влијанието на компонентите на СП – визија, мисија, стратешки цели и изготвување на планови ориентирани на долг рок и контрола, врз бизнис перформансите.

**Финансии – цели:**

5. Мерење на влијанието на постојните начини на финасирање врз биснис преформансите.
6. Утврдување на оптимални типови и нивоа на финасирање.
7. Утврдување на специфичнистите на искористување (управување) на финасиите.

**Маркетинг – цели:**

8. Мерење на степенот на пазарна ориентација на МСП раководени

од жени – претприемачи.

9. Истражување на типот на маркетинг стратегија.
10. Анализа на процесот на брендирање.
11. Истражување на видот и процесот на маркетинг планирање.
12. Утврдување на степенот на интернационализација на работењето, односно стратегијата за настап на странски пазари.

**Генерални цели:**

13. Статистичка анализа
14. Компаративна анализа
15. Анализа со фокус групи (длабинско интервју)
16. Презентирање на резултатите

**б) Методологија и планирани истражувања**

Во рамки на предвиденот проект како основен метод ќе се користи методот на истражување, со комбинација на квантитативно и квалитативно истражување. Извор на податоци ќе бидат секундарни извори (релевнатна литература, претходни истражувања во областа, веќе публикувани трудови и извештаи, веб – страни на официјални институции кои се занимаваат со проучување на оваа проблематика) и примарни извори на податоци (жени – претприемачи, раководители/менаџери на мали и средни претпријатија).

Како техника на истражување ќе се примени комбинација од: лично, полу-структурирано интервју, по кое ќе следи испитување преку структуриран анкетен прашалник, follw-up, т.е. следбено интервју и анализа на фокус група, за длабински увид во проблематиката на истражување.

Статистичкиот примерок ќе биде намерен примерок од најмалку 100 жени – претприемачи, раководители на мали и средни претпријатија во дејноста на производството (прехрана, текстил, кожа), бидејќи во рамки на оваа дејност е потребен проактивен пристап кон пазарот, висок степен на пазарна ориентација, големи знаења и вештини од областа на менџментот и стратегиското планирање, како и напредни лидерски способности.

**Менаџерски и лидерски способности:** Испитување на можноста за примената на постојните модели и принципи на лидерство во МСП, утврдување на специфичните проблеми – предизвици во МСП и класификација на потребните атрибути, начини на однесување и улогите на лидерите – претприемачи, ќе се врши врз основа на тестирање на предложените постојни модели, принципи, фактори на влијание утврдени во литературата за менаџмент и лидерство.

**Стратегиско планирање (СП):** Мерење на влијанието на компонентите на СП – визија, мисија, стратешки цели и изготвување на планови ориентирани на долг рок и контрола, врз бизнис перформансите (профит, ликвидност, ROI/поврат на инвестиции, ROS/поврат на продажба). Секоја од компонетите ќе биде развиена во модел за оценка и анализа, според кој ќе се увиди степенот на нивна примена во претпријатието раководено од страна на жени претприемачи, со ѓто ќе може дополнително да се тестира и влијанието врз бизнис

перформансите.
**Финансии:** Мерење на влијанието на постојните начини на финасирање врз биснис преформансите, утврдување на оптимални типови и нивоа на финасирање и утврдување на специфичнистите на искористување (управување) на финасиите, со што ќе може да се увиди насоченоста кон одредена стратегија – штедење, инвестирање, ИР; погледите/ставовите за прекувремена работа, награди, бонуси и казни.
**Маркетинг:** Мерење на степенот на пазарна ориентација на МСП раководени од жени – претприемачи ќе се врши преку примена на одредена скала, т.н. MARKOR скала за мерење на пазарна ориентација, со која ќе биде иввршен увид во степенот на анализа на потрошувачи и реакција на потрошувалки барања, ориентација кон конкуренција, интерфункционална координација, оринетираност кон долг рок. Истражување на типот на маркетинг стратегија ќе биде исвршено врз основа на анализа на постојните активности кои ги применуваат во областа маркетинг, преку конкретни чекори предложени во литературата за маркетинг. Анализа на процесот на брендирање ќе се врши преку увид во конкретните чекори кои се применуваат во процесот на брендирање, наспроти ставовите во литературата. Истражување на видот и процесот на маркетинг планирање ќе се анализира преку оценка на постојните маркетинг планови, врз основа на тезите во литературата за маркетинг планирање. Утврдување на степенот на интернационализација на работењето ќе биде извршено преку анализа на постојната стратегија за настап на странски пазари и идните планови на ова поле.
**Статистичка анализа:** Како основа на статистичката анализа ќе биде параметраска статистика, преку поставените номинални, ординални и интервални мерни скали за оценка на анализираните појави, односно анализирање на нумерички податоци. Примарната нулта хипотеза за постоење на нелинеарна зависност меѓу појавите ($H_0$: p=0) е поставена со цел да се побие, односно да се докаже дека корелацијата не е нула ($H_1$: p≠0). Резултатите најпрво ќе бидат обработени со дескриптивна статистика од основната матрица на податоци со вредности за одредуваните параметри, вклучувајќи ранг на вредности (мин - мах), аритметичка средна вредност, медијана, геометриска средна вредност, дистрибуција на податоци, перцентилен ранг, стандардна девијација. Пред тестирање на поврзаноста на варијаблите и нивното влијание врз бизнис перформансите, ќе биде тестирана соодветноста на моделот, доверливоста на конструираните мерни скали (Cronbach alpha), како и факторска анализа, за утврдување на големината и значењето на секоја од предвидените варијабли во соодветните мерни скали. Биваријантна статистика ќе биде користена за одредување на корелацијата (позитивна/негативна) помеѓу испитуваните параметри и нивната внатрешно функционална зависност, преку едноставна и повеќекратна линеарна регресија. Следствено на тоа дополнително ќе биде користена и мултиваријантна анализа за поедноставување на интерпретацијата на одредуваните параметри кои претходно покажале корелација, а ќе биде применета и Анализата на варијанса (ANOVA). За

утврдување на разликите помеѓу појавите и нивното значење за бизнис перформансите, ќе биде применето тестирање на нивните средни вредности. Како контролни фактори на влијание ќе се користат факторите предвидени со Porter-овиот модел на 5 сили (постојно ривалство на пзарот, можност за влез на нови конкуренти, можност за супституција, преговарачка моќ на купувачи и добавувачи). За применетата статистичка анализа ќе се користи софтверот IBM SPSS19.
**Компаративна анализа**: начинот на работење на жените претпримачи во РМ и деловните капацитети кои ги поседуваат, ќе бидат споредени со деловните практики, вештини и знаења на жените претприемачи од развиените земји, како и со други економии во развој, по што ќе се увидат евентуалните јазови и недостатоци во работењето, за кои ќе се дава предлог за нивно надминување и елиминација.

**Очекувани резултати и нивна примена**

Деловните капацитети со кои располагаат менаџерите претприемачи се основниот фактор на влијание кој го условува успехот на претприемничкиот бизнис. Затоа, сите истражувања поврзани со проблематиката на менаџмент, маркетинг, финасии во рамки на мали и средни претпријатија заслужуваат големо внимание, бидејќи ја поставуваат основата за раст и развој на ниво на претпријатија, кои пак се клучот за развојот на националната конкурентност.

Со реализирање на приложените предлог испитувања ќе се добие одговор на повеќе различни прашања.

Најпрво, ќе се овозможи увид во тековната состојба на стратегиските деловни активности на претприемничките претпријатија, со што ќе се создаде основа за воочување на предностите и недостатоците, односно развојните јазови во нивното работење.

Понатаму, ќе се добијат сознанија за клучните пазарни фактори на влијание и нивната поврзаност и влијание врз бизнис перформансите, со што ќе се овозможат информации за менаџерите на претпријатијата кои ќе можат да ги употребат за носење на идни деловни одлуки.

Исто така, резултатите ќе прикажат дали постои причинско последичен однос помеѓу активностите од секоја од анализираните области – менаџмент (развој на стартегии, имплементација на тактики, менаџирање на човечки ресурси – пирмена на ситеми на награди и казани, фактори на мотивација и др.), маркетинг (степен на пазарна ориентација, маркетинг планирање, имплементација на маркетинг активности, вклученост во интернет маркетинг активности итн.), финансии (начин на финасирање, големина на сопствен влог, извори на финасирање и сл.) со позитивните бизнис перформанси – профит, пазарен удел, поврат на инвестиција и др.

Хипотезите претпоставуваат дека повисок степен на примена на стратегиски деловни активности од областа на менаџмент, маркетинг и финансии ќе придонесат кон подобри финансики резултати и позитивни бизнис преформанси.

Индикативните податоци за претприемничките деловни активности посочуваат дека проактивниот однос кон стратегиското планирање е

основа за постигнување на бизнис успех. Добиените вредности од овој Научен проект ќе ја потврдат или исклучат оваа дилема.

**Апликативна имплементација**

Добиените податоци и сознанија од експерименталниот дел на проектот ќе допринесат до формирање на научен став и протокол за текот и процедурата на развој и имплементација на менаџерски и маркетинг активности, како и односот кон финансиите во рамките на малите и средни претпријатија.

Имплементацијата ќе се валоризира во рамки на опфатените претпријатија во примерокот кои се раководени од жени – претприемачи, преку презентирање на наодите и изработка на план за имплементација на предлог - промените кои се претпоставува дека ќе произлезат од самото истражување.

**Презентирање и објавување на резултатите:** Во оваа фаза предвидено е да се постигнат следните активности:

а) учество на млади истражувачи во научната работа при што тие ќе бидат обучени да ги користат инструменталните техники предвидени за реализирање на активностите од овој проект. Тие ќе бидат обучени да ги анализираат резултатите и да размислуваат и дискутираат за резултатите. Тоа ќе овозможи проширување на знаењата и искуствата од областа на менаџментот и лидерството, финансиите и маркетингот, со што ќе стекнат способност за планирање на идни научни активности.

б) Пишување и објавување на научни трудови во интернационални списанија со фактор на влијание.

в) Презентирање на добиените резултати на домашни и меѓународни научни конференции.

г) Соработка со МСП раководени од жени – претприемачи во дејноста на производството (текстил, прехрана, кожа и сл.) со цел практична примена на резултатите добиени од ова истражување.

**с) Истражувачки план со временска рамка**

Истражувањата ќе бидат вршени во секое од претпријатијата кои се раководени од страна на жени – претприемачи, во повеќе градови во Р. Македонија.

Истражувачката работа и активностите на проектот се поделени на следните третини во годината:

Третина 1, 2015 год.

(1) Почетни активности: состанок со сите учесници на проектот и договор за понатамошни активности.

(2) Фокусирање на собирање на секундарни податоци од претходни публикувани извештаи, научни трудови и сл., разгледување на релевантна литература, во насока на предлог на нови теоретски поставки за потребите на малите и средни претпријатија и жените претприемачи.

(3) Детално поставување на рамките на истражувачката методологија, креирање на истражувачкиот структуриран прашалник и интервјуирање на потенцијални анкетари кои ќе учествуваат во реализација на анкетирањето.
Третина 2. 2015.
(1) Спроведување на емпириското истражување – анкетирање на 100 жени претприемачи низ градовите на Р. Македонија.
(2) Анализа и интерпретација на собраните податоци од извршеното анкетирање.
Третина 3. 2015
(1) Состанок со учесниците на проектот дискусии за добиените резултати и договор за понатамошните активности
(2) Пишување, публикување и презентација на научни трудови, врз основа на првиот дел од кванититативното емпириско истражување.
(3) Подготвување на годишен извештај за активностите извршени во првата година од проектот.

Третина 1, 2016.
(1) Почетни активности: состанок со сите учесници на проектот и договор за понатамошни активности.
(2) Спроведување на првиот дел од квалитативното емпириско истражување преку следбеното полу-структурирано интервју со претходно анкетираните жени – претприемачи.
Третина 2. 2016.
(1) Анализа на собраните квалитативни податоци од интервјуто и нивно споредување со претходно спроведената квантитативна анализа.
(2) Пишување, публикување и презентација на научни трудови, врз основа на првиот дел од квалитативното емпириско истражување.
(3) Спроведување на вториот дел од квалитативното емпириско истражување преку фокус групи на избрани жени – претприемачи кои веќе учествувале во истражувањето.
(4) Анализа на собраните квалитативни податоци од фокус групите и нивно споредување со претходно спроведената квантитативна и квалитативна анализа.
Третина 3. 2016.
(1) Состанок со учесниците на проектот дискусии за добиените резултати и договор за понатамошните активности .
(2) Подготвување на годишен извештај за активностите извршени во втората година од проектот.
(3) Дискусии за добиените резултати, подготовка на научни трудови за презентирање на научни конференции.

**Details of the proposal:**

**Introduction**

In development economies, which are behind the modern industrialized countries, entrepreneurship is an important component in stimulating economic growth, innovation, competitiveness, and even poverty reduction. Innovation is a driving force in the development; without the innovative entrepreneurs we would not have more of the tools and services that provide prosperity and development. Entrepreneurship in developed countries relates to the discovery and exploitation of opportunities. It plays a potentially important role in development, including here innovation and price discovery, filling the gap, the accumulation of human and physical capital, reallocation of assets from less productive to more productive resources, and support the process of structural change. Economic development is the result of focus and commitment to human activity. Developing country needs entrepreneurs who see and perceive new opportunities and are willing to take the necessary risks in exploiting these opportunities.

Women entrepreneurship is appointed as a new driving force for the growth and development of economies in developing countries that will bring prosperity and welfare in these countries. A number of stakeholders indicates women entrepreneurship as an important 'unexploited source' of economic growth and development. World Economic Forum identified the women entrepreneurship as a "step forward" for economic growth and development at their annual meeting in 2012 (WEF, 2012). Other relevant factors speak for women entrepreneurs as "new women's movement." They say: "Forget the economic aid to developing countries, focus on investments in women entrepreneurs as key drivers of growth and development in these countries" (Forbes, 2011).

The growth in the number of women entrepreneurs in developing countries has attracted the attention of academics and development sector. Donors, international public institutions, national and local authorities, NGOs, private companies, charitable organizations and business associations initiate programs globally to promote and develop women entrepreneurship. They initiate programs for capacity building of entrepreneurial skills, strengthening networks of association among women entrepreneurs, training for the possible financing, or initiate implementation of policies that allow the growth of businesses where the main force are women entrepreneurs. They all claim that female entrepreneurship is essential for the growth of developing countries. Supporting women entrepreneurs is essential to stimulate growth in a country as entrepreneurial potential of women has not been fully utilized.

In recent years, great attention is paid to the promotion and development of women entrepreneurship. In Canada, US and UK governments and the private sector are actively promoting the growing role of women entrepreneurs in the business sector. Equally, in developing countries more attention is oriented towards women entrepreneurs. Therefore, in this project we are focusing on business facilities, analysis of managerial and leadership skills of women entrepreneurs, strategic planning, marketing and financial skills these entrepreneurs possess. The implementation of all these factors in the operation of enterprises where women entrepreneurs have the main role,

is one of the key factors for the development of competition in this kind of entrepreneurial business, and the economy of our country as a whole.

The project was developed on the basis of five groups of key objectives, including: managerial and leadership skills which are considering the application of existing models and principles of leadership in small and medium enterprises leaded by women entrepreneurs, as well as determination of specific problems; strategic planning and measuring the impact of its components; financial objectives and analysis of the methods of financing; marketing activities which include the degree of market orientation, branding, marketing strategy and marketing planning; and general objectives which will be graded with the implementation of statistical, and comparative analysis of focus groups.

**Research Project**

**a)Aims**/goals

The goals of this two-year project are divided into four (five) groups, according to the need for analysis of business capacity, that is scheduled to include the method of management and leadership skills, the level of strategic planning in business, finances and marketing in entrepreneurial companies, managed by women entrepreneurs.

**Managerial and leadership skills - Goals:**

1. Considering the possibility of the application of existing models and principles of leadership in SMEs.
2. Determining the specific problems - challenges in SMEs.
3. Classification of the necessary attributes, behaviors and roles of leaders - entrepreneurs.

**Strategic Planning (SP) - Goals:**

4. Measuring the impact of SP components - vision, mission, strategic goals and developing plans oriented in the long run and control, on the business performance.

**Finance - Goals:**

5. Measuring the impact of existing ways of financing the Zona Business preformansite.
6. Determining the optimal types and levels of funding.
7. Determining the specifics of the use (management) of financing.

**Marketing - Goals:**

8. Measuring the degree of market orientation of SMEs run by women - entrepreneurs.
9. Research the type of marketing strategy.
10. Analysis of the branding process.
11. Exploring the type and process of marketing planning.
12. Determining the degree of internationalization of operations or strategy when entering new foreign markets.

**General Goals:**

13. Statistical Analysis
14. Comparative Analysis
15. Analysis of focus groups (depth interview)
16. Presentation of results.

**b) Methodology and planned research**

Under the planned project as a key method will be used the method of research, with a combination of quantitative and qualitative research. Source of data will be secondary sources (relevant literature, previous research in the area, published papers and reports, web - pages of official institutions dealing with the study of issue) and primary data sources (women - entrepreneurs, managers / executives in small and medium enterprises).

As research techniques a combination of personal, semi-structured interview, which will be followed by structured questionnaire, follw-up interview and focus group analysis, will be applied.

The statistical sample will be a purposeful sample of at least 100 women - entrepreneurs, managers of small and medium enterprises in the field of production (food, textiles, leather), because this field requires a proactive approach to the market, a high degree of market orientation, great knowledge and skills in the field of the management and strategic planning, and advanced leadership skills.

**Management and leadership:** Measurement of the possibility of application of existing models and principles of leadership in SMEs, identification of specific problems - challenges in SMEs and classification of required attributes, behaviors and roles of leaders - entrepreneurs, will be based on proposed testing of existing models, principles, factors of influence established in the literature on management and leadership.

**Strategic Planning (SP):** Measurement of the impact of SP components - vision, mission, strategic goals and developing plans oriented on the long run and control, over business performance (profit, liquidity, ROI / return on investment, ROS / return on sales ). Each of the components will be developed into a model for assessment and analysis, according to the extent of their application in the enterprise managed by women entrepreneurs, which will be further tested for the impact on business performance.

**Finance:** Measuring the impact of existing ways of financing on the business preformans, determining the optimal types and levels of funding and establishing specifics of the use (management) of financing, which will allow us to see the focus on a particular strategy - saving, investing, R&D; the views / opinions of overtime, rewards, bonuses and penalties.

**Marketing:** Measuring the degree of market orientation of SMEs run by women - entrepreneurs will be done through the application of a certain scale, i.e. MARKOR scale for measurement of market orientation, which will give an insight into the level of analysis and consumer reaction to consumer requirements, orientation towards competition, inter-funtional coordination and, orinetation on the long run/term. Research of the type of marketing strategy will be based on analysis of existing marketing activities through specific steps proposed in the literature for marketing. Analysis of the branding process will be done through insight into the specific steps that are applied in the process of branding, as opposed to the views in the literature. Exploring the nature and process of marketing planning will be analyzed through evaluation of existing marketing plans, based on the thesis in the literature on marketing planning. Determining the degree of

internationalization of the work will be done by analyzing the existing strategy for entering new foreign markets and future plans in this field.

**Statistical Analysis:** The basis of the statistical analysis will be parametric statistics through the set of nominal, ordinal and interval measurement scales for assessment of the analyzed phenomena, i.e. analysis of numerical data. Zero primary hypothesis of the existence of nonlinear dependence between the events (H0: p = 0) is set in order to be refuted or to prove that the correlation is not zero (H1: p ≠ 0). The results will first be treated with basic descriptive statistics of the data matrix with values of the parameters, including range of values (min - max), arithmetic mean, median, geometric mean, data distribution, standard deviation. Before testing the relationship between variables and their impact on business performance, the model fit, the reliability of the constructed measurement scales (Cronbach alpha) will be tested, as well as factor analysis to determine the size and significance of each of the variables in the corresponding predicted measurement scales. Bivariant statistics will be used to determine the correlation (positive / negative) among the tested parameters and their internal functional dependence, through simple and multiple linear regression. To simplify the interpretation of the parameters that had previously shown a correlation, a multivariant analysis and analysis of variance (ANOVA) a will be applied. In order to determine the differences between phenomena and their importance to business performance, testing of their mean values will be applied. As control factors we will use factors of influence provided by Porters' 5 forces model (currently rivalry on the market, possibility of entry of new competitors, possibility of substitution, bargaining power of buyers and suppliers). The statistical analysis is performed with the use of the software IBM SPSS19.

**Comparative analysis:** modus operandi of women entrepreneurs in Macedonia will be compared with business practices, knowledge and skills of women entrepreneurs from developed countries and other emerging economies, which will allow us to recognize any gaps and deficiencies in the work, and give a proposal for their overcoming and elimination.

**Expected results and implementation**

Business facilities that entrepreneurs are using are the main factor of influence that determines the success of entrepreneurial business. Therefore, all research related to issues of management, marketing, finances within SMEs deserve significant attention, because they set the stage for growth and development of the company, which are key for the development of national competitiveness.

The implementation of the explained draft examinations will get a different answer of the questions.

First, it will provide insight into the current state of strategic business activities of entrepreneurial companies, which will create a basis for identifying strengths and weaknesses or development gaps in their development work.

Furthermore, it will enable knowledge of key market impact factors and their relationship and influence on business performance, which will provide information for managers of enterprises that can be used for making future

business decisions.
Also, the results will show whether there is a causal relationship between the activities of each of the analyzed areas - management (development strategies, implementation tactics, managing human resources - using systems of rewards and penalties, factors of motivation, etc.) marketing (degree of market orientation, marketing planning, implementation of marketing activities, involvement in internet marketing activities etc.), finance (ways of financing, size of own capital, sources of financing, etc.) with the positive business performance - profit, market share, return on investment and more.
The hypothesis assume that a higher degree of implementation of strategic business activities in the field of management, marketing and finance will contribute to improved financial results and positive business performances.
Indicative data for entrepreneurial business activities suggest that more proactive attitude towards strategic planning is the basis for achieving business success. The obtained values of this science project will confirm or exclude this dilemma.

**Applicative implementation**
The data gathered from the experimental part of the project will contribute to the formation of a scientific attitude and protocol for the procedure of the development and implementation of management and marketing activities, and the relationship to finances within the small and medium enterprises.
The implementation will be realized under the covered companies in the sample that are leaded by women - entrepreneurs, by presenting findings and making a plan for implementation of the proposed changes that are assumed to arise from the research.
**Presentation and publication of results:** At this stage it is envisaged to achieve the following activities:
a) Participation of young researchers in the scientific work in which they will be trained to use instrumental techniques provided for realization of the project activities. They will be trained to analyze the results and think and discuss the results. It will enable the expansion of knowledge and experience in management and leadership, finance and marketing, with which will gain the ability to plan future research activities.
b) Writing and publishing scientific papers in international journals with impact factor.
c) Presentation the results at national and international scientific conferences.
d) Cooperation with SMEs leaded by women - entrepreneurs in the field of manufacturing (textiles, food, leather, etc.) for practical application of the results of this research.

**c) Research plan with timeline**
Research will be conducted in each of the companies that are leaded by women - entrepreneurs, in several cities in the Republic of Macedonia. Research and project activities are divided into thirds in the year:
**First third, 2015.**
(1) Initial activities: meeting with all participants of the project and agreement

for further activities.
(2) Focus on the collection of secondary data from previous published reports, scientific papers, etc., Reviewing the relevant literature, in order to draft a new theoretical setting for the needs of small and medium enterprises and women entrepreneurs.
(3) Detailed setting of the frame for the research methodology, research creating a structured questionnaire and interviewing potential interviewers who will participate in the implementation of the survey.

**Second Third 2015**
(1) Conducting empirical research - a survey of 100 women entrepreneurs in the cities of R. Macedonia.
(2) Analysis and interpretation of data collected from a performed survey.

**Last Third 2015**
(1) Meeting with participants of the project and discussions on the results and the follow-on activities.
(2) Writing, publication and presentation of research papers, based on the first part of quantitative empirical research.
(3) Prepare an annual report on the activities carried out in the first year of the project.

**First Third 2016**
(1) Initial activities: meeting with all participants and agreement for further activities.
(2) Implementation of the first part of qualitative empirical research with follow-up semi-structured interviews with previously surveyed women - entrepreneurs.

**Second Third 2016**
(1) Analysis of the collected qualitative data from the interview and comparing them with previously conducted quantitative analysis.
(2) Writing, publication and presentation of research papers, based on the first part of qualitative empirical research.
(3) Implementation of the second part of empirical qualitative research through focus groups of selected women - entrepreneurs who have already participated in the survey.
(4) Analysis of qualitative data gathered from focus groups and comparing them with previously conducted quantitative and qualitative analysis.

**Last third 2016**
(1) Meeting with participants and discussions on the results and the follow-on activities
(2) Prepare an annual report on the activities carried out in the second year of the project.
(3) Discussion of the results and preparation of scientific papers for presentation at scientific conferences.

**ВТОР ДЕЛ/PART 2:**

**Истражувачки тим:**

**Главен истражувач:**

| Име и презиме | **Еленица Софијанова** |
|---|---|
| Титула | Доктор по менаџмент |
| Позиција | Вонреден професор |
| Адреса | Универзитет, „Гоце Делчев“- Штип<br>Земјоделски факултет |
| Тел / Факс: | +389 32 550 608 |
| e-mail | elenica.sofijanova@ugd.edu.mk |

**Кратка биографија:**

Родена на 19.07.1965 година во Велес

Образование:

2007 - Докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот ,,Свети Кирил и Методиј“ –Скопје.

2005 - Магистратура на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот ,,Свети Кирил и Методиј,, - Скопје.

1985 - Додипломски студии на на Педагошката Академија ,,Климент Охридски,, во Скопје – одделенска настава.

Работно искуство:

2009 – во тек: Вработена во Универзитет "Гоце Делчев" во Штип, како вонреден професор на Земјоделски факултет.

1995-2009: Вработена во основно училиште,,Благој Кирков,, во Велес.

Други активности:

Учество на голем број ,симпозиуми, советувања, конгреси во земјава и во странство од областа на Менаџментот .Има објавено голем број на научни трудови и досега има учествувано во неколку научно истражувачки проекти.

**Трудови објавени во последните 5 години во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), со назначен импакт фактор за секој труд:**

1. Dimovska, Violeta and **Sofijanova, Elenica** and Ilieva, Fidanka (2013) Agro-biological characteristics of three Sauvignon blanc (Vitisvinifera L.) clones, growing in R. Macedonia, Plant studies, International scientific on-line journal "Science & Technologies", III (6). pp. 9-14. ISSN 1314-4111
2. **Sofijanova, Elenica** and Dimovska, Violeta and Catleska, Vesna and Spirovska, Maja (2013) Commitment to quality in agribusiness. International Scientific on-line Journal "Science & Technologies", 3 (6). pp. 1-4. ISSN 1314-4111
3. **Sofijanova, Elenica** and Kuzelov, Aco and Fotov, Risto and Catleska, Vesna (2013) Implementing teamwork for quality in agribusiness. International

scientific on-line journal "Science & Technologies", 3 (6). pp. 1-4. ISSN 1314-4111

4. Ilievski, Mite and Spasova, Dragica and **Sofijanova, Elenica** and Koleva Gudeva, Liljana and Georgievski, Milan and Markova, Natalija (2013) The role of crop production in receiving of biodisel as a new entrepreneurial opportunities in the Republic of Macedonia. International Scientific on-line Journal "Science & Technologies", III (6). pp. 17-23. ISSN 1314-4111
5. **Sofijanova, Elenica** and Fotov, Risto and Kletnikoski, Petar (2012) Quality function and the effective manager. Yearbook of Faculty of Agriculture, 2011, XI. pp. 7-15. ISSN 1409-987X
6. **Sofijanova, Elenica** and Kletnikoski, Petar (2012) Learning versus "Training and teaching" for quality (LTT) in agribusiness. pp. 159-162.
7. **Sofijanova, Elenica** and Kletnikoski, Petar and Dimovska, Violeta and Dimitrovski, Zoran (2012) Comparative Economic Analysis of Wheat Production Using Certified and Uncertified Seed: The Case of Ovcepole Region in Republic of Macedonia. Scientific Works of UFT Volume LIX- 2012 “Food Science, Engineering and Technologies”. pp. 922-926.
8. Kuzelov, Aco and **Sofijanova, Elenica** (2012) Some chemical and microbiological characteristics of modified atmosphere vacuum - packaged beef meat. International scientific on-line journal "Science & Technologies", I (3). pp. 152-155. ISSN 1314-4111
9. Dimovska, Violeta and Ivanova, Violeta and Ilieva, Fidanka and **Sofijanova, Elenica** (2011) Influence of Bioregulator Gibberellic Acid on Some Technological Characteristics of Cluster and Berry from Some Seedless Grape Varieties. Journal of Agricultural Science and Technology, 1. pp. 1054-1058. ISSN 1939-1250
10. **Sofijanova, Elenica** and Kletnikoski, Petar and Fotov, Risto (2011) Correlation Dependence between Consumer Needs Satisfaction and Profit Making in Agribusiness. International scientific on-line journal "SCIENCE & TECHNOLOGIES", I (6). pp. 7-10. ISSN 1314-4111
11. Dimovska, Violeta and Ivanova, Violeta and Ilieva, Fidanka and **Sofijanova, Elenica** (2011) Influence of Bioregulator Gibberellic Acid on Some Technological Characteristics of Cluster and Berry from Some Seedless Grape Varieties. Journal of Agricultural Science and Technology B, 1. pp. 1054-1058.
12. **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara and Kletnikoski, Petar (2011) Marketing strategy - a strong base for tourism growth and development: A Case study analysis – Republic of Macedonia. Collections of Papers, The Second International Scientific Congress - Biennale: The influence of tourism on economic development. pp. 682-691.
13. Dimovska, Violeta and Ivanova, Violeta and Ilieva, Fidanka and **Sofijanova, Elenica** and Kletnikoski, Petar (2011) The State of Table Grape Varieties in R. Macedonia. International scientific on-line journal "Science & Technologies", I (6). pp. 30-34. ISSN 1314-4111

**Учество во научноистражувачки проекти:**

| Наслов на | Период | Финансиран | Улога во |
|---|---|---|---|

| **проектот** | | **од:** | **проектот (главен истражувач или учесник** |
|---|---|---|---|
| Project Western Balkan Rural Extension Network through Curriculum Reform, JP – 158777 | 2009-2012 | TEMPUS | Учесник |
| Using local resources for sustainable agribusiness and tourism in the Southern Balkans | 2010-2012 | TEMPUS IV | Учесник |
| Модернизација во образовниот процес | 10 01 2010-10 06 2010 | МОН | Координатор и обучувач |
| Современи креативни техники и комуникациски вештини | 10 01 2013 до 10 03 2013 | МОН | Координатор и обучувач |

**Задолженија во предлог- проектот со временска рамка (за време на целиот период на траење на проектот):**

1. Да ги координира и организира активностите во рамките на проектот (за време на целиот период на траење на проектот),
2. Да ги обучува и следи младите истражувачи во текот на активностите на проектот, (за време на целиот период на траење на проектот),
3. Да учествува во пишување на научни трудови и нивно објавување во научни списанија и учество на научни конференции
4. Да подготвува извештаи од проектот (на крајот од првата и втората година).

**Виш истражувач:** (приложете посебен формулар за секој истражувач вклучен во проектот)

| Име и презиме | **Ристе Темјаноски** |
|---|---|
| Титула | Д-р на екон. науки, Вонреден професор |
| Позиција | Професор, Продекан на Економски факултет-УГД-Штип |
| Адреса | „Крсте Мисирков„ бб |
| Тел / Факс: | 032550335 |
| e-mail | riste.temjanovski@ugd.edu.mk |

**Кратка биографија:**
